Bul. Jane Sandanski 111 | p.o.b. 378, 1000 Skopje | tel: 389 2 244 44 88 | fax: 389 2 244 44 99 | www.soros.org.mk | e-mail: osi@soros.org.mk

ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА
Бр. 11 – 316/1
25.04 2012 год.
СКОПЈЕ

20 ГОДИНИ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**До:** **Пратениците во Собранието на Република Македонија**

**Предмет:** **Барање за повлекување на предлог – законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап до документи и објавување на соработка со органите на државната безбедност**

**Датум:** **25 април 2012 година, Скопје**

Почитувани пратеници,

Фондацијата Отворено општество – Македонија на 12 април 2012 година ја организираше дебатата „Што носи новиот закон за лустрација? Ослободување од наследството на поранешниот комунистички режим или легализација на политички реваншизам?". Дебатата беше поттикната од четвртата законска интервенција која во рок од четири години се прави во полето кое ја регулира т.н. лустрација, која требаше да претставува процес што ќе го помогне и забрза демократскиот развој на Република Македонија. Дебатата, меѓудругото, беше организирана и поради неопходноста предлог – законот за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап до документи и објавување на соработка со органите на државната безбедност (предлог – законот) да се дискутира и надвор од Собранието на РМ, пред сè поради бројните контроверзи со кои беше пропратена досегашната примена на т.н. Законот за лустрација.

На споменатата дебата присуствуваа повеќе од 50 учесници, меѓу кои и акредитирани амбасадори во Република Македонија, претставници на меѓународни организации, професори, експерти во полето на безбедноста и во полето на човековите права, членови на Комисијата за верификација на фактите, претставници на граѓанскиот сектор и други. Но, и покрај тоа што покана беше упатена до сите членови и заменици членови на матичната собраниска комисија која го разгледува овој предлог - закон – Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и до членовите на Комисијата занадзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, сепак само еден пратеник покажа интерес да учествува на оваа дебата.
Имајќи го предвид отсуството на пратениците од оваа значајна дебата, во овој допис ви ги пренесуваме главните укажувања и препораки кои беа изложени. Исто така, би сакале да ве информираме дека целосниот видео запис од дебатата е достапен на интернет и истиот може да биде прегледан на следниов линк: http://www.youtube.com/playlist?list=PL83072BAA930B7C1D

Во продолжение ви ги пренесуваме заклучоците од дебатата:

1. Со оглед на тоа дека дебатата беше организирана како резултат на поднесувањето нов предлог – закон за определување услов за ограничување за вршење јавна функција, пристап до документи и објавување на соработката, најголем фокус на дебатата беше даден на аспектот од лустрацијата преку кој треба да се ограничи учеството во градењето на демократските процеси на државата на оние лица кои во поранешниот комунистики режим грубо ги кршеле

Bul. Jane Sandanski 111 | p.o.b. 378, 1000 Skopje | tel: 389 2 244 44 88 | fax: 389 2 244 44 99 | www.soros.org.mk | e-mail: osi@soros.org.mk

човековите права. Но, од страна на повеќе говорници беше укажана потребата за сеопфатно спроведување на лустарцијата, односно обештетување на жртвите на поранешниот режим и судско гонење на оние кои со своите постапки, заради стекнување на материјална корист, на груб начин ги кршеле човековите права.

2. Главен фокус на дебатата беа решенијата од предлог – законот со кои повторно се руши уставно правниот поредок на Република Македонија, бидејќи повторно се пропишуваат одредби со кои не се почитуваат одлуките[1] на Уставниот суд од април 2010и април 2012 година. Проширувањето на опфатот на Законот за лустрација по 17 ноември 1991 година, лустрирањето на лица кои се поранешни функционери, задолжителното лустрирање на членовите на политичките партии, верските заедници, новинарите и невладините организации се одредби од постојниот Закон за лустрација за кои Уставниот суд утврди дека се неуставни и истите ги укина. Повторното регулирање на овие одредби во спротивност со одлуките на Уставниот суд претставува грубо кршење на уставниот поредок и непочитување на извршните одлуки на судот, што, впрочем, претставува кривично дело.

   Учесниците на дебата изразија критика на решението содржано во предлог - законот, со кое се предвидува лустрацијата да се однесува на лицата кои врз основа на Законот за трансформација на општествениот капитал се стекнале со сопственост од над 5% од вредноста на претпријатијата. Со ваквото решение се врши упад во приватниот сектор и во пазарната економија, а се избегнува евентуалните злоупотреби извршени при приватизацијата кривично да бидат гонети. Во поглед на истата одредба, изразена беше загриженост поради дискриминаторскиот карактер на одредбата со која на лустрација ќе подлежат и членовите од поширокиот круг на семејството на лицата кои се стекнале со сопственост од над 5% од вредноста на приватизираните претпријатија. Членовите на поширокиот круг на семејствата не се опфатени во другите 30 точки во став 1 од членот 3 или во 4те точки од став 2 на истиот член, каде таксативно се наброени лицата кои се опфатени со овој предлог – закон.

3. Неусогласеноста на предлог – законот со Резолуциите на Советот на Европа беше истакната во дискусиите. Спомената неусогласеност се однесува како во поглед на временскиот опфат на лустрацијата, со оглед на тоа дека Резолуциите препорачуваат овие процеси да траат до 1989 година, така и во поглед на тоа дека лустрацијата треба да се однесува на лица кои во актуелната политичко-правна поставеност на иснтитуциите се на позиција од која можат да ги кршат фундаменталните права на човекот и граѓанинот. Понатаму, Резолуциите укажуваат на тоа дека правдата најефективно ќе биде спроведена доколу лустрацијата се однесува на оние кои со своите наредби или постапки учествувале во грубо кршење на човековите права. И покрај ваквата препорака, поднесениот предлог - закон само го дефинира поимот „нарачател" но никаде во текстот на законот не определува можност за нивно санкционирање! Исто така, потенцирано беше дека Резолуциите препорачуваат лустрацијата да не се однесува на лицата кои директно од граѓаните се избирани за вршење определена функција. Во оваа смисла предлог – законот го ограничува и правото на избор кое е загарантирано со Уставот на Република Македонија.

4. При дискусијата беше преиспитана и улогата која ја има Комисијата за верификација на фактите, односно беше истакнат недостатокот на процедури кои

[1] У.бр. 42/2008 и У.бр. 77/2008
У.бр. 52/2011 и У.бр. 76/2011

Bul. Jane Sandanski 111 | p.o.b. 378, 1000 Skopje | tel: 389 2 244 44 88 | fax: 389 2 244 44 99 | www.soros.org.mk | e-mail: osi@soros.org.mk

ќе обезбедат сигурност во постапката, со што оваа комисија претставува квази тело кое без да навлегува во содржината на досиејата за соработка со службите може да донесе решение со кое на одредено лице ќе му се забрани вршење на јавна функција. Ваквата забрана, во смисла на последиците од решението, се изедначува со забраната за вршење дејност или професија, која во правниот систем на Република Македонија може да ја изрече само надлежен суд!

Се отвори и дилемата дали веќе верификуваните изјави од страна на Комисијата за верификација на фактите можат да се сметаат за валидни со оглед на тоа дека Комисијата досега не проверувала ниту верификувала постоење опреативна врска на лицата опфатени со постојниот Закон за определување дополнителен услов за вршење јавна функција. Ваквата проверка сега е дел од предлог – законот, со што се поставува дилемата како ќе се третираат т.н. оперативни врски на службите за државна безбедност за лицата на кои веќе им се верификувани изјавите, односно дали и врз нив треба да се примени критериумот за проверка на постоењето оперативна врска?!

5. Особена загриженост беше истакната во поглед на контраефектите кои може да ги поттикне овој предлог – закон поради апсолутно негативната конотација која се дава за соработката со службите. Се потенцираше дека соработката на граѓаните со службите за безбедност и денес претставува основна алатка за прибирање информации за можни криминални дејствија, па затоа треба многу внимателно да се определуваат дефинициите и временскиот опфат на предлог – законот.

   Исто така, учесниците на дебатата истакнаа дека треба да се преиспита одредбата со која се поттикнува доставување соработнички досиеја до Комисијата за верификација на фактите од страна на поединци. Неовластеното поседување и прибавување на службени документи е казниво, па затоа треба да се отфрли можноста за носење одлуки со кои се забранува да се врши јавна функција врз основа на досиеја кои доаѓаат надвор од институциите на системот.

Со оглед на бројните и сериозните забелешки кои накратко беа изложени погоре, а кои при повеќечасовната расправа беа дадени на 12 април 2012 година на дебатата која ја организираше ФООМ, се надеваме дека пратениците ќе постапат одговорно и професионално и овој предлог - закон ќе го отфрлат затоа што претставува опасна закана правниот поредок на Република Македонија. Сметаме дека за регулирање на полето со кое ќе се утврди на кој начин Република Македонија ќе се справи со минатото и ќе ги „прочисти" институциите од наследството на поранешниот комунистички режим, треба да се разговара отворено и со широка вклученост на засегнатите страни и на граѓанското општество, на што осбено се осврнува пратеникот на Европскиот парламент, г-динот Андреј Ковачев во писмото со кое ја поздрави дебатата што на 12 април ја организираше ФООМ.

Со почит,

Владимир Милчин,
Извршен директор

Фондација Отворено општество - Македонија
Скопје